# МАКЕДОНСКИОТ УСТАВЕН РАЗВОЈ

**-ХРОНОЛОШКИ ПРЕГЛЕД-**

*Скопје, ноември 2021*

## I. Устав на Народна Република Македонија – 31 декември 1946 година

**Уставот на Народна Република Македонија (НРМ) е донесен на 31 декември 1946 година** кога Македонија претставуваше држава во рамките на југословенската федерација.
Ова е единствен македонски Устав во досегашната историја кој е донесен од Уставотворно собрание (собир на претставници од народот исклучително со намена да донесат устав на држава). Сите подоцнежни устави, од 1963, 1974 и 1991 година ги носи Собранието во редовен пратенички мандат извршувајќи ја уставотворната надлежност.
Уставотворното собрание било составено од 192 пратеници, и за Уставот гласале 180 присутни пратеници, сите ЗА.
Уставот на НРМ има големо значење за македонската држава, затоа што за прв пат македонскиот народ самостојно одлучил за сопственото државно уредување и сопствена држава како одраз на победата во Народно ослободителната војна во Втората светска војна.
Уставот на НРМ е составен од три дела во кои се систематизирани 129 члена. Првиот дел се состои од 5 глави, вториот дел од 7 глави и во третиот дел на Уставот се опфатени преодните и завршните одредби.

**Во 1953 година со Уставниот закон за општественото и политичкото устројство и за органите на власта на Народна Република Македонија,** следуваат измени на Уставот кои се однесуваат на основите на општественото и политичкото устројство и органите на власта на НРМ, во делот на општествено-политичкото уредување и организација на власта. Овие измени се усвоени на седницата на Народното собрание на **2 февруари 1953 година.** Уставниот закон се состои од вкупно 105 члена систематизирани во две глави. Според завршните одредби, со влегување во сила на Законот престануваат да важат главите VI, VII, VIII, IX и XII од Уставот на Народна Република Македонија од 31 декември 1946 година, како и одредбите од Уставот, законите и другите прописи што се во спротивност со одредбите на овој Закон[1].

[1] Уставниот закон е изменет два пати: 1) Закон за изменување на Уставниот закон за општественото и политичкото устројство и органите на власта на НРМ усвоен од Народното собрание на НРМ на седницата на 15 септември 1953 година и 2) Закон за изменување на став 1 од член 76 на Уставниот закон за основите на општественото и политичкото устројство и органите на власта на НРМ донесен на седницата на 24 март 1954 година.

## II. Устав на Социјалистичка Република Македонија - 12 април 1963 година

На седницата на Собранието на Социјалистичка Република Македонија (СРМ) одржана на **12 април 1963 година** е донесен **Уставот на СРМ**. Уставот е составен од 11 глави и 242 члена. Покрај Уставот, на заедничката седница на Републичкиот собор и Соборот на производителите на 12 април 1963 година, донесена е **Одлука за прогласување на Уставниот закон за спроведување на Уставот на СРМ** кој е составен од 52 члена.

На седницата од **22 јануари 1965 година** се донесени две одлуки за прогласување на два Уставни закони за измени на Уставот на СРМ од 1963 година. Едниот составен од 36 члена, вториот од 6 члена.

На собраниската седница на Републичкиот собор одржана на **5 мај 1967 година** се усвоени четири уставни амандмани.

Собранието на СРМ на седницата на **30 јануари 1969 година** усвои десет амандмани. На истата седница Републичкиот собор го усвои и Уставниот закон за спроведување на уставниот амандман X составен од два члена.

Собранието на СРМ на седницата на **17 декември 1971 година** со Одлука ги прогласи уставните амандмани од XV до XL на Уставот на СРМ усвоени на седницата на Републичкиот собор и донесе Одлука за прогласување на Уставниот закон за спроведување на Уставните амандмани од XV до XXXIX на Уставот на СРМ, составен од 15 члена.

На собраниска седница на Републичкиот собор одржана на **28 декември 1972 година** се донесени измени и дополнување на Уставниот закон за спроведување на уставните амандмани од XV до XXXIX на Уставот на СРМ.

## III. Устав на Социјалистичка Република Македонија - 25 февруари 1974 година

Уставот на СРМ донесен на **25 февруари 1974 година** се состои од четири дела, 19 глави и 450 члена. За разлика од претходните устави, овој Устав има видно поголем број членови. На истата седница е донесена и Одлука за прогласување на Уставниот закон за спроведување на Уставот на СРМ составен од 25 члена.

На седницата на **15 јули 1981 година** се усвоени девет амандмани на Уставот на СРМ и Уставен закон за спроведување на амандманите од I до VIII на Уставот на СРМ, составен од 9 члена[2].

На собраниската седница одржана на **7 февруари 1986 година** се усвоени амандманите од X до XXIII на Уставот на СРМ и Уставниот закон за спроведување на амандманите од X до XXII, составен од четири члена[3].

На **14 април 1989 година** на собраниската седница се усвоени амандманите од XXIV до LV на Уставот на СРМ и Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXIV до LIV, составен од 16 члена[4].

На седницата на **19 јули 1989 година** е усвоен Амандманот LVI на Уставот на СРМ.

Собранието на СРМ на седницата на **20 септември 1990 година** ги усвои амандманите од LVII до LXXXI на Уставот на СРМ и Уставниот закон за прогласување на амандманите од LVII до LXXX, составен од 17 члена[5]. На седницата на **16 април 1991 година** се направи измена и дополнување на Уставниот закон, составена од 6 члена.

**На 7 јуни 1991 година** пратениците ги усвоија амандманите од LXXXII до LXXXV на Уставот на СРМ и Уставниот закон за спроведување на амандманите од LXXXII до LXXXIV, составен од четири члена[6].

## IV. Устав на Република Македонија – 1991 година

Уставот на Република Македонија е донесен од Собранието на Република Македонија на пленарната седница одржана на **17 ноември 1991 година,** во 19 продолженија. Уставот е составен од Преамбула и нормативен текст. Преамбулата е составена од ставови и алинеи и содржи два става. Нормативниот текст е составен од оддели, членови и ставови и има 9 оддели и 134 членови.

Одделите се поделени на :

1. Основни одредби;
2. Основни слободи и права на човекот и граѓанинот;
3. Основи на економските односи;

[2] Амандманот IX предвидува дека за спроведување на амандманите од I до VIII и за обезбедување премин кон нивна примена ќе се донесе Уставен закон.
[3] Амандманот XXIII предвидува дека за спроведување на амандманите од X до XXII и за обезбедување премин кон нивна примена ќе се донесе Уставен закон.
[4] Амандманот LV предвидува дека за спроведување на амандманите од XXIV до LIV ќе се донесе Уставен закон.
[5] Амандманот LXXXI предвидува дека за спроведување на амандманите од LVII до LXXX ќе се донесе Уставен закон.
[6] Амандманот LXXXV предвидува дека за спроведување на амандманите од LXXXII, LXXXIII и LXXXIV ќе се донесе Уставен закон.

4. Организација на државната власт;
5. Локална самоуправа;
6. Меѓународни односи,
7. Одбрана на Републиката, воена состојба и вонредни околности;
8. Измена на Уставот и
9. Преодни и завршни одредби

Донесениот Устав на 17 ноември 1991 година ја заокружи најновата историја на парламентаризмот во тогашна Република Македонија, како самостојна, суверена и независна држава.

## IV.1 Измени на Уставот на Република Македонија од 1991 година

Уставот на Република Македонија од 1991 година се менува или дополнува единствено со уставни амандмани како издвоен текст. Амандманската техника за дополнување или измена на Уставот е применета осум пати до сега. Амандманите од 1992, 1998, 2001, 2003, 2005, 2009, 2011 и 2019 година се составен дел на Уставот на Република Северна Македонија и се вкупно 36 амандмани (I - XXXVI).

**Амандманите I и II** на Уставот се усвоени на седницата на **6 јануари 1992 година.** Со нив се утврдува дека државата нема територијални претензии кон соседните држави и нема да се меша во суверените права и внатрешните работи на други држави.

**Амандманот III** е усвоен на собраниската седница на **1 јули 1998 година,** по иницијатива на Врховниот суд на Република Македонија и со него е поместен рокот за максималното времетраење на притворот до подигнување на обвинение, од 90 на 180 дена од денот на притворувањето.

Пратениците на седницата на **16 ноември 2001 година** ги усвоија **амандманите IV, V, VI, VII, VIII, IX, X, XI, XII, XIII, XIV, XV, XVI, XVII и XVIII**. Овие амандмани се донесени како обврска од Охридскиот рамковен договор, и се однесуваат на измената на Преамбулата на Уставот, прашањето на примената на службениот јазик и неговото писмо на целата територија на државата и во единиците на локалната самоуправа. Дополнително, воведена е нова темелна вредност во уставниот поредок на државата односно соодветна и правична застапеност на граѓаните од другите заедници во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа. Проширена е листата на верските заедници утврдена во Уставот од 1991 година. Регулирани се правата на етничките малцинства. Гарантирана е заштитата, унапредувањето и збогатувањето на историското и уметничкото богатство на државата и на сите заедници во неа. Предвидено е дека за закони кои директно ги засегаат културата, употребата на јазиците, образованието, личните документи и употребата на симболите, Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во државата. Регулиран е начинот на избор (двојно мнозинство) и надлежностите на Народниот правобранител. Воведен е

Комитетот за односи меѓу заедниците кој го основа Собранието и утврден е неговиот состав. Уредена е застапеноста на припадниците на малцинските заедници во Републичкиот судски совет, Уставниот суд и Советот за безбедност. Уредено е прашењето на донесувањето на законите од областа на локалната самоуправа (двојно мнозинство гласови), како и надлежностите на единиците на локалната самоуправа. Регулирана е постапката за донесување на одлуката за измена на Уставот на Република Македонија. Според последниот амандман, преамбулата, членовите за локалната самоуправа, членот 131, односно одлуката за пристапување кон измена на Уставот, како и членовите со кои се регулираат темелните вредности, правото на еднаквост, како и правата на малцинските заедници и одлуката за додавање нова одредба, која се однесува на предметот на тие одредби или членови, не можат да се променат без двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, во кое мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

На собраниската седница на **26 декември 2003 година** се усвои **амандманот XIX** со кој се уредува отстапување од неповредливоста на тајноста на сите други облици на комуникација, а не само на писмата, како што е утврдено со Уставот од 1991 година. Утврдено е дека отстапувањето се врши врз основа на одлука на суд, под услови и постапка утврдени со закон, а поради точно наведени причини.

Амандманите **XX, XXI, XXII, XXIII, XXIV, XXV, XXVI, XXVII, XXVIII, XXIX И XXX** Собранието на Република Македонија ги усвои на седницата одржана на **7 декември 2005 година,** истите се однесуваат на реформите на судскиот систем, односно на промената на организацијата на судскиот систем, изборот на судии и јавно обвинителство. Укинат е имунитетот на министрите, а се задржува само имунитетот на претседателот на Владата со тоа што за одземање на неговиот имунитет одлучува Собранието, а не Владата како што предвидуваше Уставот од 1991 година.

На собраниската седница одржана на **9 јануари 2009 година** е усвоен **Амандманот XXXI** на Уставот со кој е утврден цензусот за избор на претседателот на Републиката во вториот изборен круг (ќе биде избран оној кандидат кој ќе добие мнозинство гласови од избирачите кои гласале, доколку на избори излегле повеќе од четириесет проценти (40%) од вкупниот број избирачи во Републиката).

**Амандманот XXXII** на Уставот е усвоен на собраниската седница на **12 април 2011 година,** а се однесува на неможноста на одземање на државјанството на државјанин на Република Македонија, односно на неможноста истиот да биде протеран од државата. Државјанин на Република Македонија не може да биде предаден на друга држава, освен врз основа на ратификуван меѓународен договор и со одлука на суд.

На собраниската седница одржана на **11 јануари 2019 година** се усвоени амандманите **XXXIII, XXXIV, XXXV, XXXVI** на Уставот кои влегуваат во сила со влегувањето во сила на Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на

Обединетите Нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните и ратификацијата на Протоколот за пристапување во НАТО од Првата страна на Конечната спогодба. Со нив се менува името на државата од „Република Македонија“ во „Република Северна Македонија“, се прават промени во Преамбулата, се обврзува државата да го почитува суверенитетот, територијалниот интегритет и политичката независност на соседните држави и грижата за дијаспората.

Изработиле: Соња Стаменковска
Ивана Арсовска Трајновиќ
Фани Коровешовска

Раководител на Парламентарниот институт,

______________________
м-р Златко Атанасов


Насоки
за користење на истражувачките услуги
на Парламентарен институт
Кој ги користи услугите?
-пратениците
-работните тела
-советите
-пратеничките групи
-генералниот секретар
Зошто?
за обезбедување објективни и непристрасни информации заради:
-подобро аргументирање на ставовите;
- подобро запознавање со предлог-законите и другите акти;
-кристализирање на идејата за поднесување предлог-закон;
-учество на јавни настапи, комуникација со граѓани и дипломатски посети
Како?
со поднесување барање за истражувачки работи:
-во писмена форма (на пропишаниот образец, потпишан лично од корисникот)
-во електронска форма (преку системот на е-парламент)
Кому му се поднесува барањето?
на раководителот на Парламентарен институт
(за дополнителни појаснувања во однос на темата и рокот, истражувачот и раководителите се консултираат со корисникот при добивањето на барањето и во текот на изработката на истражувачката работа)
Какви услуги и препорачан минимален рок?
минимум работни дена:
-кратка информација 3
-хронолошки преглед 5
-тематски преглед 5
-компаративен преглед 7
-опширна информација 10
Што содржат истражувачките работи?
истражувачките работи се од информативна природа, политички неутрални и објективни, се фокусираат на факти и не содржат препораки, ниту сугерираат решенија
Што не може да биде побарано?
-правни совети и помош за индивидуални случаи;
-изработка на нацрт-закони или амандмани;
-информации од надлежност на други сектори во Собранието
parl.inst@sobranie.mk
070/409-544
070/352-474
070/320-349
070/320-348
071/305-384